Logopädischer
Dienst Linthgebiet

Логопедска служба Линтхгебиет

**Информации и упатства за родителите кој зборуваат странски јазик**

Почитувани Родители

Дали сте размислувале, дали Вие со вашето дете, треба и понатаму да зборувате мајчин јазик, иако јазикот на околината е германски?
На мислење сте дека со вашето дете треба да комуницирате на германски јазик, за да можат тие овој јазик да го знаат за во училиште?
За да го подржите вашето дете да изучува друг јазик – германскиот, корисно е да ги почитувате следните правила:

- **Разговарајте со вашето дете на ваш мајчин јазик**
Децата едновремено или едно по друго можат да изучуваат неколку јазици, ако тие во овие јазици се подржуват. Значајно е, да Вие со вашето дете комуницирате на ваш мајчин јазик. Оваа за вашето дете преставува добра основа за изучување на други јазици. Ако Вашето дете почесто доаѓа во контакт со германскиот јазик, и почнува и дома да зборува на германски јазик. Овие фази се повеќе од нормални.
Но Вие редовно со него треба да комуницирате на Ваш мајчин јазик. На тој начин Вашето дете нема да го заборави мајчиниот јазик и подоцна сигурно тој овој јазик и ќе го зборува.

- **Подржете го Вашето дете при изучувањето на мајчиниот јазик**
Со вашето дете разговарајте на мајчин јазик при секојдневните домашни активности на пр. при готвење и средување. Играјте со вашето дете, заедно погледајте сликовници и раскажете му на вашето дете раскази. Учете му на вашето дете песни и стихотворби за децата од татковината, со него заеднички превземето нешто и разговарајте за доживувањата.
Слушењето и задоволството при раскажување се значајни предуслови за изучување на еден јазик.

- **Овозможувајте му на Вашето дете, пред да почне да оди во детска градинка, интензивен контакт со децата кои зборуваат германски јазик**
Раниот контакт со јазикот на околината одн. со германскиот јазик, може да се остварува на пример во градинката или гурпата на играње, овозможете му на Вашето дете да се прилагодува кон овој јазик. Поканете негови пријатели на Вашето дете, така нему му овозможувате подобро да се прилагодува кон германскиот јазик – важен предуслов за негово започнување во Детската градинка или Училиште.

Познато е дека добра основа е едно дете во неговиот општ развиток да се подржува при изучување на еден јазик – ова не мора да биде германскиот јазик. Тој што се чувствува сигурен со неговиот мајчин јазик, активно ќе побара да комуницира и на друг јазик.
Знаењето на повеќе од еден јазик е богатство во животот и во професицјата.

Ве посакуваме задоволство во применувањето на различни јазици.

Логопедите на Логопедската служба Линтхгебиет
www.logopaedie-linthgebiet.ch
Мај 2010

Quelle:
- Triarchi-Herrmann, V.: Mehrsprachige Erziehung: Wie Sie Ihr Kind fördern. München: Reinhardt Verlag, 2003.
- Flyer: www.ifp-bayern.de